**РАМКОВЕН ДОГОВОР ЗА КОРИСТЕЊЕ ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ**
**ЗА ФИЗИЧКО ЛИЦЕ( ПОТРОШУВАЧ)**

Склучен на ден помеѓу:

1. **"Силк Роуд Банка АД Скопје"**, со седиште на ул. Даме Груев бр.1 Скопје со ЕМБС 4633148, застапувана од Управниот одбор на Банката (во натамошниот текст именувана **како давател на платежни услуги или Банка**) која е запишана во трговскиот регистар што се води при Централниот регистар на РСМ со ЕМБС: 4633148 и ЕДБ: 4030993229939

   Адреси за комуникација :
   Силк Роуд Банка АД Скопје, адреса: Даме Груев бр.1 Скопје
   e-mail: contact@silkroadbank.com.mk
   web адреса: www.silkroadbank.com.mk
   Орган надлежен за надзор на давателот на платежни услуги е Народна Банка на РСМ

2. , со адреса на ул. , ЕМБГ со лична карта бр. издадена од (во понатамошниот текст именуван **како Корисник на платежна услуга или Потрошувач**).

**Член 1**

Со овој Рамковен Договор за користење на платежни услуги за физичко лице ( потрошувач) се уредуваат условите, права и обврските на Давателот на платежни услуги ,,Силк Роуд Банка АД Скопје,, („Банката") и Корисникот на платежни услуги (,,потрошувач,,)за идните извршувања на поединечни и последователни платежни трансакции како и активностите поврзани со отворање, одржување и затворање на сметка.

**Член 2**

Давателот на платежни услуги ги врши следните платежни услуги:

- услуги кои овозможуваат внесување готовина на платежна сметка;
- услуги кои овозможуваат повлекување готовина од платежна сметка;
- извршување на платежни трансакции, вклучувајќи пренос на парични средства на платежна сметка кај Давателот на платежни услуги на Корисникот на платежни услуги или кај друг Давател на платежни услуги;
- извршување на платежни трансакции со платежни картички или слични телекомуникациски, дигитални или информатички уреди;
- извршување на кредитни трансфери, вклучувајќи трајни налози;
- извршување на платежни трансакции кај коишто паричните средства се обезбедени со кредитна линија за Корисникот на платежни услуги:
  а) извршување на платежни трансакции со платежни картички или слични телекомуникациски, дигитални или информатички уреди; и
  б ) извршување на кредитни трансфери, вклучувајќи трајни налози;
- издавање платни инструменти и/или прифаќање платежни трансакции;
- парични дознаки;

**Член 3**

Составен дел на овој рамковен договор се општите услови за отворање и одржување на платежна сметка и вршење на други платежни услуги за физички лица објавени на веб страната на банката: www.silkroadbank.com.mk со кој подетално се дадени информации за:

- давателот на платежни услуги;
- за платежните услуги;
- надоместоците , каматните стапки и девизните курсеви;
- начинот на комуникација помеѓу страните на договорот;
- заштитните и корективните мерки;
- за измените и раскинувањето на рамковниот договор, како и
- правната заштита на корисникот на платежните услуги.

**Член 4**

Договорните страни изјавуваат дека со потпишување на овој Рамковен договор во целост се запознати и ги прифаќаат Општите услови за отворање и одржување на платежна сметка и вршење на други платежни услуги за физички лица објавени на веб страната на Банката на денот на потпишување на овој договор.

Корисникот на платежни услуги, наведените услуги од овој Рамковен договор ги користи поединечно.

За секоја од услугите ќе се применуват одредбите од Општите услови за отворање и одржување на платежна сметка и вршење на други платежни услуги за физички лица применливи за соодветната услуга, за што  Банката со корисникот на платежните услуги, по доставено барање од корисникот на платежни услуги, договорните страни ќе склучуваат поединечни договори.

Покрај одредбите од Општите услови за отворање и одржување на платежна сметка и вршење на други платежни услуги за физички лица применливи за соодветната услуга за користење на платежни услуги ќе важат
-Општите услови за електронско и мобилно банкарство

**Член 5**

Рамковниот договор се склучува на неопределено време, и стапува на сила со денот на негово потпишување.

**Член 6**

Начинот и условите за измена на рамковниот договор се уредени во Општите услови за отворање и одржување на платежна сметка и вршење на други платежни услуги за физички лица

**Член 7**

Корисникот на платежни услуги и Банката можат да го раскинат овој Рамковен договор под услов на начин и во рокови предвидени во во Општите услови за отворање и одржување на платежна сметка и вршење на други платежни услуги за физички лица.

**Член 8**

Сите документи, податоци и информации кои се стекнати при отворање и водење на сметката во согласност со овој Договор, претставуваат банкарска тајна и Банката е должна да ја заштити и чува. Банката се обврзува да ги чува во тајност сите податоци до кои ќе дојде врз основа на овој Рамковен договор и поединечните договор кои ќе се склучуваат во рамките на истиот.

Податоците кои имаат третман на банкарска тајна, Банката може без согласност на корисникот на платежни услуги да ги доставува само на лица кои се овластени согласно законските прописи.

Во согласност со законските обврски за заштита на личните податоци, Банката има обврска за заштита на личните податоци за корисникот на платежни услуги или лицита овластени од него и други лица за кои Банката има податоци.

**Член 9**

За се што не е предвидено со овој договор и Општите услови за отворање и одржување на платежна сметка и вршење на други платежни услуги за физички лица, важат законските и подазаконските одредби, актите и деловната политика на Банката.

**Член 10**

Во случај на спор стварно и месно надележен е Основниот граѓански суд во Скопје.

**Член 11**

Овој договор е составен во два примероци од кои еден за Банката и еден за корисникот за платежни услуги.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

| | |
|---|---|
| **Давател на платежни услуги** | **Корисник на платежни услуги** |
| ----------------------------------------- | ------------------------------------- |